Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Педесет и петтата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 март 2021 година

Скопје, март 2021 година

# З А П И С Н И К
## од Педесет и петтата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 март 2021 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 20:35 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финанси, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата учествуваа и Душко Арсовски портпарол на Владата на Република Северна Македонија и д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и д-р Ирена Стефоска, министер за култура.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација од Тутунски комбинат АД Прилеп во врска со откуп на тутун од тутунопроизводителите кои претходно за реколта 2020 година имале склучен Договор за производство и откуп на тутун со Далија Табак ДОО Делчево

2. Информација за состојбите со откупот на тутун од реколта 2020 година

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

5. Информација во врска со барањето на Министерството за финансии за достава на информација од надлежни инстутуции за реализирани средства за економските мерки за справување со здравствено-економската криза предизвикана од КОВИД-19

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата ја разгледа Информацијата од Тутунски комбинат АД Прилеп во врска со откуп на тутун од тутунопроизводителите кои претходно за реколта 2020 година имале склучен Договор за производство и откуп на тутун со Далија Табак ДОО Делчево, како материјал за информирање.

## Точка 2

Владата ја разгледа Информацијата за состојбите со откупот на тутун од реколта 2020 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Тутунски комбинат АД Прилеп да откупи дополнителни 700 тони тутун од последната реколта.

2. Се задолжува владиниот претставник во Тутунски комбинат АД Прилеп да ги преземе сите потребни активности за свикување на собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп со точка на дневен ред откупување на

дополнителни 700 тони на тутун од реколта 2020 година, а со цел да се донесе одлука истите дополнителни количини на тутун да се откупат.

3. Се задолжува д-р Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Фатмир Бесими, министер за финансии во рок од 15 дена од КОВИД Програмата да обезбедат привремена поддршка за откуп на овој тутун во износ од 100.000.000,00 денари со рок на враќање до 10.12.2021 година како и механизам за покривање на комерцијалниот ризик од овие определени средства при продажба на овој тутун (евентуална негативна разлика во продажната и цената на чинење).

## Точка 3

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 4

1. Владата во врска со протестот на граѓаните од Средно и Долно Коњари, заради состојбата предизвикана од користење на концесијата за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал, го задолжи Државниот инспекторат за техничка инспекција, како надлежен орган за контролата на концесиите, да донесе Решение за привремено запирање на експлоатација на минерална суровина-песок и чакал, се додека надлежните институции не ги издадат соодветните решенија, одлуки или извештаи од контролите кои што се во тек.

2. Владата заклучи Заклучокот број 11 од точка 1 - Записник од Дваесет и седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 8 март 2021 година, со Предлог - одлука од 51-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 март 2021 година да се дополни и со пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и истиот да гласи:

„11. Исклучок од забрана и посебен режим на движење на граѓаните на целата територија на Република Северна Македонија е движењето за вработените лица во Министерството за внатрешни работи, припадниците на Агенцијата за национална безбедност, Министерството за здравство, Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, противпожарните територијални единици, Царинската управа и пратениците во Собранието на Република Северна Македонија.“.

Исто така, домашни и странски физички лица смеат да се движат само во итни случаи заради здравствени причини до здравствени установи, исклучиво по претходна најава во Министерството за внатрешни работи, на телефонскиот број 192.

3. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот КОВИД-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 10 март 2021 година до 16 март 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

4. Владата го задолжи Министерството за внатрешни работи да подготви план за полициско обезбедување на гласачките места на територијата на Република Северна Македонија за граѓаните кои имаат и државјанство на Република Бугарија и право на глас, со цел безбедно спроведување на парламентарните избори на Република Бугарија на 4 април 2021 година во нашата држава.

5. Владата по однос на Информацијата во врска со потребата од склучување на меморандуми за соработка со цел реализација на проектите Терминал на течен природен гас Александропулос и Гасна централа Александропулос, со текст на меморандуми (Точка 3) од Педесет и третата седница на Владата, одржана на 12 март 2021 година, заклучи: заклучоците број два, три и четири да се изменат и да гласат:

„2. Се задолжува Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост да пристапи кон процесот на одобрување и усвојување на предложениот Меморандум за соработка, кој треба да биде склучен помеѓу Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост и г-ѓа Асимина Елени Копелозу, од страна на органите на управување на Друштвото, а согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото.

3. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје да пристапи кон процесот на одобрување и усвојување на предложените меморандуми за соработка, кои треба да бидат склучени помеѓу Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и Гастрејд С.А. за закуп на капацитет во ЛНГ Терминалот и помеѓу Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и ДАМКО ЕНЕРЏИ С.А. за стекнување на 25% удел во Александрополис електрисити

продукшн С.А од страна на органите на управување на друштвото, а согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото.

4. Се задолжува Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост и Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје за наведените активности да ја информираат Владата.“.

Исто така, Владата заклучи:

- Се овластува директорот на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост да го потпише Меморандумот за соработка помеѓу Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост и г-ѓа Асимина Елени Копелозу.

- Се овластува директорот на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје да ги потпише Меморандумот за соработка помеѓу Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и Гастрејд С.А. за закуп на капацитет во ЛНГ Терминалот и Меморандумот за соработка помеѓу Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и ДАМКО ЕНЕРЏИ С.А. за стекнување на 25% удел во Александрополис електрисити продукшн С.А.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на Министерството за финансии за достава на информација од надлежни инстутуции за реализирани средства за економските мерки за справување со здравствено-економската криза предизвикана од КОВИД-19 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите надлежни институции во најкраток можен рок да го пополнат Извештајот со статус на реализација на економски мерки за справување со криза од КОВИД-19 и да го испратат до Министерството за финансии, најдоцна до 22 март 2021 година.

2. Се задолжуваат сите надлежни институции, во најкраток можен рок, да задолжат контакт лице за комуникација и координација со Министерството за финансии, најдоцна до 19 март 2021 година.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 21:30 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зеќири

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев